РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА
"РАХИЛКА ГОНЕВА" - СВ.НИКОЛЕ
Бр. 04-131/3
24.11 2025 год.
Свети Николе

**Ј.О.У.Д.Г. „РАХИЛКА ГОНЕВА" СВЕТИ НИКОЛЕ**
**УЛ. „КОЧО РАЦИН" БР. 41 ТЕЛ 032/443-933**
**e-mail: rahilkag@yahoo.com**

Врз основа на член 143 став (5) и став (6) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 11, 12 и 13 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејност згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 220/22 и 256/22) и Согласност број 19-9327/2 од 06.08.2025 година од Министерството за финансии Директорот на Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025
## за унапредување на едно (1) лице на работно место Неговател – помошно стручен работник во Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Николе

Ј.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева" Свети Никиле објавува Интерен оглас за унапредување на **едно (1) лице** за следното работно место:

**01. ДЕЗ 03 03 Д03 001 – Неговател – помошно стручен работник.**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е физички и психички здрав;
- да го познава македонскиот јазик и кириличното писмо;
- да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- да не му е изречена казна со правосилна пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родосвернавење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со законот е утврдено дискриминаторско однесување.

**Посебни услови за работно место за ниво ДЗ:**

- четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште
- важечка лиценца за неговател и
- најмалку една година работно искуство во струката.

**Покрај општите и посебните услови, кандидатот треба:**

- Да е оценет со оцена „4" или „5" при последното оценување
- Да поминал најмалку две (2) години на тековното работно место
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

**Распоред на работното време**:

Дневното и неделното работно време е од 05:30-13:30 часот, од 07.00-15.00 часот, 08.00-16.00 часот, 08.30-16.30 часот и од 09.00-17.00 часот, од понеделник до петок, 8 часа дневно или 40 часа неделно.

Платата за работното место е во паричен нето износ од 30.818,00 денари без минат труд.

Рокот за пријавување изнесува **5 работни дена**, сметано од денот на објавувањето на интерниот огласот, а изборот ќе се изврши во рок од 3 работни дена по добивање на предлог на комисијата.

Заинтересираните кандидати треба да достават **Пријава за унапредување** по интерен оглас број 01/2025 со прилог потребна документација и тоа:

-диплома/свидетелство за завршено соодветно образование -оригинал или копија заверена на нотар;

- Доказ за познавање на македонскиот јазик и кирилското писмо;
- Уверение за државјанство;
- Лекарско уверение;
- Документ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,

-Документ, дека не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице или родоскврнавање, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување,

- Потврда од Установата со која се потврдува дека кандидатот е оценет со оцена "4" или "5" при последното оценување, дека работел најмалку 2 години на тековното работно место и дека не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.
- Важечка лиценца за негoвател
- Доказ за работно искуство во струката

Право на учество имаат сите вработени кои ги исполнуваат условите од градинка. Пријавите со потребната документација кандидатите треба да ја достават во хартиена форма до административната служба во Установата. (со назнака: "за интерен оглас број 01/2025")

**Лице за контакт :** Виктор Митевски, телефонски број 076/436-767

Селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија, формирана за спроведување на постапката за унапредување.

Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна Пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

24.11.2025 година
Свети Николе

J.О.У.Д.Г. „Рахилка Гонева"
Свети Николе
Директор